РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Бр. 02-164/1 Скопје, 30.03. 2009 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 30-03-2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1564/1 | | |

**ДО**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Скопје**

Согласно член 37 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во прилог Ви го доставува Годишниот извештај за спроведување на Законот во 2008 година.

Годишниот извештај е подготвен според насоките дадени од Ваша страна.

Прилог:
- Печатен текст на Годишниот извештај;
- Електронска форма ЦД

Претседател,

Јанко Николовски

Гоце Делчев бб, Скопје – Goce Delcev bb, Skopje тел./phone: +389 2 3127 453 факс/fax: +389 2 3118 038, 3114 695, 3117 401
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: sinf@sinf.gov.mk

Република Македонија

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ*

**за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2008 година**

**Скопје, март 2009 година**

# Содржина

1. Вовед ........ 2
2. Надлежности на Комисијата ........ 3
2.1 Одлучување по жалби ........ 5
2.1.1 Жалбена постапка ........ 6
2.1.2 Решени предмети и нивна структура ........ 6
2.1.3 Жалби поднесени против иматели на информации ........ 7
2.1.4 Карактер на поднесените жалби ........ 8
2.1.5. Состојба на предметите по тужбите ........ 8
3. Спроведување и искуства од примената на Законот ........ 8
4. Листа на иматели на информации ........ 11
4.1 Содржина на годишните извештаи ........ 12
4.2 Годишни извештаи на имателите ........ 13
4.3 Соработка со службени лица кај имателите ........ 15
4.4 Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности ........ 16
4.5 Самоизземање од законот ........ 18
5. Едукација и обуки ........ 18
5.1 Јавност во работата на Комисијата ........ 19
5.2 Веб страница ........ 20
5.3 Меѓународна соработка ........ 21
6. Буџет ........ 22

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2008 година**

## 1. Вовед

Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, (во натамошниот текст Комисија) веќе трета година го спроведува Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст Закон) донесен во 2006 година.

Годинашниов извештај како законска обврска, го насочивме кон следниве, прикази, оценки и состојби:

- Карактеристики на примената на Законот во текот на 2008 година;
- Оценка на однесувањето на учесниците во процесот на слободниот пристап до информациите од јавен карактер;
- Воочени слабостите во овој период;
- Организирање на обуките и промоцијата на се уште новото право на слободен пристап до информациите од јавен карактер;
- Охрабреноста на граѓаните како баратели да го користат ова свое уставно право, наспроти молкот на имателите, како најголем проблем во практиката.

Примената на законот во 2008 година беше поттикнувачка во областа на доизградбата на системот. Денес Комисијата располага со основните податоци за 1460 иматели на информации од јавен карактер, но и натаму сметаме дека тоа не е конечниот број. Во изминатата година зголемен е бројот на барањата, ги има 1876 од кои во 1765 случаи барателите го реализирале своето право на пристап до бараните информации. Иако можеби звучи апсурдно, охрабрува и тоа дека двојно е зголемен бројот на жалбите во однос на претходната година – ги имаше вкупно 670.

Зошто ова би охрабрувало? Затоа што се зголемува бројот на граѓаните што го знаат своето право и постапката за негова реализација и не се плашат да го применуваат…

Истовремено, и натаму постојат истите нарушувања, недоследности и неразбирања ( намерни или од незнаење), што опоменуваат! Бројката на иматели кои не ја извршиле законската обврска да достават годишен извештај е над 50 отсто од вкупниот број иматели – 1460. Ваква неажурност покажаа одделни иматели од сите структури – од детски градинки до државните институции на централно и локално ниво. Ова се чини инаугурира еден нов подвид на молчење на имателите, односно немо одбивање и тоа кон Комисијата задолжена да ги сумира вкупните резултати од имателите, како законска обврска.

Карактеристично за примената на Законот во 2008 година е и постојаното толкување на неговите одредби од страна на Комисијата со што се премостуваа недореченостите на Законот. Тоа особено се однесува на делот на постапката, роковите и примената на Законот за општата управна постапка. Долгите рокови во процедурата на добивање на бараните документи индиректно ги обесхрабруваат граѓаните да го користат ова нивно право. По честите дебати на оваа тема, по иницијатива на ОБСЕ, Фондација

Институт отворено општество Македонија, Министерството за правда и Комисијата, произлезе нацрт верзија за изменување и дополнување на Законот за заштита на правото за слободен пристап на информациите од јавен карактер, што веќе е доставена до Министерството за правда на натамошна процедура.

Стекнатите искуства на Комисијата преку 43 одржани седници во 2008 година или вкупно 112 седници во скоро две и полгодишното работење придонесе во нацрт верзијата да влезат повеќе конкретни решенија за подобрување и олеснување на пристапот до документите од јавен карактер и за ефикасноста на самата Комисија. Фактот дека Комисијата во 2008 донесе вкупно 215 решенија и 426 заклучоци говори во полза на оценката дека и покрај недостатоците и недореченостите на Законот, тој живее, се применува и ја врши својата функција на ефикасна демократска алатка.

Најголемиот проблем во работата на Комисијата и во заживување на Законот е натамошното “status quo” во однос на молчењето на имателите или појавата на немо одбивање. Сметаме дека се работи делумно за непознавање на суштината на новото право, а делумно за се уште ненадмината традиција на затвореност.

Сметаме дека не е без значење и меѓународната активност на Комисијата, која е редовно присутна на значајни меѓународни собири од областа на слободата на информациите, каде што меѓу другото е согледано дека македонскиот закон е на исто ниво со европските решенија во оваа област, особено во широкиот опфат на иматели. Досегашните искуства се различни, во зависност од корените на демократските традиции во секоја земја.

Се на се, како заклучок може да се рече дека и во 2008 година продолжи успешна и ефективна примена на Законот, низ зајакната свест и охрабреност на учесниците во процесот на слободниот пристап, особено на граѓаните.

Обуките, промоцијата и едукацијата беа придвижувачите на напредокот, а истите тие остануваат и натаму главни задачи и приоритет во работата на Комисијата.

## 2. Надлежности на Комисијата

Комисијата е независна во своето работење и во донесувањето на одлуки согласно законските надлежности. Комисијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија, до кое поднесува Годишен извештај.

Комисијата е составена од 5 члена: Претседател, Заменик претседател и тројца членови, од кои едниот е претставник од невладиниот сектор, а двајца се од редот на Стручната служба на Комисијата, именувани од Собранието на Република Македонија, со мандат од 5 години, со право на повторен избор.

Комисијата работите од својата надлежност, како независно, колективно тело ги врши на седници. Начинот и работата при одлучувањето се уредени со Статут, за кој согласност даде Собранието на Република Македонија.

Комисијата, согласно член 32 од Законот, ги врши следните надлежности:

- одлучува по жалби против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на информации;
- се грижи за спроведување на одредбите од овој закон;
- подготвува и објавува листа на иматели на информации;
- дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации;
- презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за овозможување на барателите слободен пристап до информациите со кои тие располагаат;
- соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации;
- дава предлози за потребните средства за работа на Комисијата при изготвувањето на Буџетот на Република Македонија;
- донесува Деловник за својата работа;
- подготвува Годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Македонија;
- извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- донесува Статут, како и други акти со кои го уредува начинот на работа и организација на Комисијата и
- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

Управните, стручните и другите административно - технички работи, согласно Законот, ги врши Стручна служба на Комисијата. Според Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на Стручната служба на Комисијата, формирани се два Сектори: Сектор за спроведување по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи и Сектор за соработка со имателите на информациите, информирање на јавноста и меѓународната соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер. Според наведените правилници, систематизирани се 29 од кои се пополнети само 15 работни места. Од овие 11 се со високо образование, а 4 со средно образование. По квалификациона структура од вработените со високо образование 4 се дипломирани правници, 3 со Филолошки факултет, 3 со Филозофски факултет и 1 дипломиран новинар. Од вкупниот број вработени 10 се Македонци, а 5 Албанци.

Бројот на пополнетите работни места кој изнесува околу 50% од систематизираните работни места.

## 2.1 Одлучување по жалби

До Комисијата во 2008 година беа **поднесени вкупно 670 жалби** во споредба со 2007 година, кога до Комисијата беа поднесени 330 жалби, бројот на поднесените жалби е двапати поголем.

Бројот на жалби поднесени по месеци е: во јануари се поднесени 15, во февруари 8, во март 8, во април 7, во мај 138, во јуни 397, во јули 8, во август 1, во септември 3, во октомври 33, во ноември 22 и во декември 30 жалби.

Од вкупниот број 670 жалби, 100 се поднесени од физички лица, додека 570 жалби се поднесени од здруженија на граѓани, од кои поголемиот дел се од Младински образовен форум – Здружение на граѓани (МОФ 522 жалби)

МОФ во соработката со Фондацијата Институт отворено општество Македонија, спроведе проект чија цел беше да се оцени како се имплементира Законот од страна на имателите и од страна на Комисијата. Проектот беше насочен кон високообразовните институции во Република Македонија.

Комисијата успеа со дополнителен и максимален ангажман на вработените навремено да постапи по сите жалби кои беа поднесени во релативно кус рок од неполни 40 дена.




**Графикон 1 Поднесени жалби по месеци во 2008**

Од 670 поднесени жалби до Комисијата, 604 жалби се поради молчење на администрацијата. Останатите жалби се поднесени по разни основи и тоа: 46 жалби против одговор на имателот, 10 жалби се поднесени против решение или заклучок на имателот, 10 жалби се поднесени поради неспроведување на решенијата на Комисијата од страна на имателите на информации.

### 2.1.1 Жалбена постапка

Право на правна заштита има само барателот кој поднел писмено барање за пристап до информација.

Жалбата директно се поднесува до Комисијата, согласно Законот, а преку имателот на информацијата, според Законот за општата управна постапка. Доколку жалбата е директно доставена до Комисијата таа веднаш по добивањето, ја препраќа до имателот на информацијата, кој веднаш мора да се произнесе по жалбата и до Комисијата да ги достави сите списи по предметот.

Решавајќи по жалбата, Комисијата може:

- да ја отфрли жалбата
- да ја одбие жалбата
- да ја уважи жалбата и да го задолжи имателот на информацијата да ја даде бараната информација;
- да ја уважи жалбата и предметот да го врати на повторно постапување и
- да ја запре постапката

### 2.1.2 Решени предмети и нивна структура

Комисијата во 2008 година одржа 43 седници, на кои постапуваше по **670 жалби** и одговори на многу другите законски обврски. За 642 жалби Комисијата донесе решение или заклучок, а 28 жалби се пренесени за постапување во 2009 година.

Комисијата, по однос на овие 642 жалби, согласно Законот, донесе вкупно 215 решенија и 427 заклучоци, од кои:

- **151** решение со кои жалбата се уважува
- **56** решение со кои жалбата се одбива;
- **9** решенија со кои жалбата се отфрла;
- **426** заклучоци со кои постапката по жалба се запира поради тоа што на барателот му е доставена бараната информација;




**Графикон 2 Донесени решенија и заклучоци**

Од наведените податоци за постапувањето по жалбите, може да се заклучи дека имателите против кои е изјавена жалба, постапувале по барањето на барателот веднаш по добивањето на жалбата (односно кога таа им е препратена од Комисијата), а пред донесувањето на решението на Комисијата. Ова се гледа и од големиот број на заклучоци што ги има донесено Комисијата. Значи, најчесто по интервенцијата на Комисијата, на барателите им е обезбеден пристап до бараната информација.

Ова истовремено ја потврдува и констатацијата дека со малку повеќе желба, знаење и поголема одговорност, имателите можеле да постапат по барањата на барателите и пред поднесувањето на жалбата и да им ја дадат бараната информација, со што ќе ја зајакнат нивната доверба во власта и воопшто во јавните институции и правните и физичките лица што вршат јавни овластувања, а истовремено ќе се избегне непотребното администрирање при поднесувањето на жалбите како и непотребните трошоци и прекршочната одговорност.

## 2.1.3 Жалби поднесени против иматели на информации

До Комисијата во текот на 2008 година поднесени се жалби против следните иматели на информации:

- **108** жалби против државни институции,
- **13** жалби против судската власт,
- **7** жалби против локалната самоуправа,
- **4** жалби против јавни претпријатија и установи кои вршат дејност од јавен интерес,
- **2** жалби против акционерски друштва,
- **529** жалби против образовни институции,
- **3** жалби против политички партии, и
- **4** жалби против организации и здруженија на граѓани.




**Графикон 3 Жалби против иматели на информации**

### 2.1.4 Карактер на поднесените жалби

Барателите на информации најчесто поднесувале жалби поради скратување на правото на пристап до информации односно недоставувањето на бараната информацијата во форма и начин наведени во барањето, и се однесувале на:

Располагање со буџетски односно донаторски средства, меѓународни и домашни проекти, инвестиции, јавни набавки на државните органи, законитост на постапката за издавање на разни дозволи (особено за градење на објекти), лични и сопственичко - имотни права, плати и други ставки од Буџетот, стратешки планови на министерствата, правилници за организација и систематизација и други акти, заштита на животната средина, пресуди на судовите, документи од катастар, информации од сферата на образованието, здравствена заштита, одлуки, кампањи и проекти на Владата на Република Македонија, документи за изградени градежни објекти, или објекти во изградба, членови на управни одбори кај имателите, колку средства од Буџетот се одделувале за активностите на граѓанскиот сектор и друго.

### 2.1.5. Состојба на предметите по тужбите

Заштитата на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер се обезбедува пред Комисијата, а судската заштита пред Управниот суд.

Согласно Законот, против решение или заклучокот на Комисијата, може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд.

Во 2008 година до Управниот суд беа поднесени 57 тужби, од кои 55 против решенија на Комисијата, а 2 против заклучоци на Комисијата.

Како причина за поднесување на тужбите против решенијата на Комисијата во 32 случаи, е непостапувањето на имателите на информации по донесените решенија на Комисијата, со кои најчесто се задолжуваат да ја дадат бараната информација или пак предметот се враќа на повторно постапување. Во 23 случаи тужбите се поднесени против решенијата на Комисијата, со кои жалбата на барателот се одбива како неоснована или се отфрла.

Против заклучоци на Комиијата поднесени се 2 тужби.

По сите тужби Комисијата постапи и достави одговор до Управниот суд.

Во 51 случај како тужители се јавуваат физички лица, а останатите 6 тужби се поднесени од правни лица.

## 3. Спроведување и искуства од примената на Законот

Комисијата согласно своите законски надлежности, должна е да се грижи и за спроведување на одредбите на овој Закон.

При тоа, Комисијата секогаш го има предвид основното човеково право на пристап до информации од јавен карактер, загарантирано со Уставот на Република Македонија( чл.16). Пристапот до информации може

да се одбие само во строго определени случаи кои се предвидени со закон, а не врз основа на дискреционо право на поединци.

Со цел спроведување на одредбите на Законот, службените лица на Комисијата секојдневно комуницираат со службените лица за посредување со информации кај имателите на информации и со барателите на информации. Притоа, на барателите на информации им укажуваат на правата, а на имателите на информации на обврските кои за нив произлегуваат од применувањето на одредбите на Законот. На овој начин се врши непосредно запознавање со Законот на субјектите што имаат право да го користат и на субјектите кои се должни да го применуваат. Ваквото ангажирање на службените лица и на другите вработени во Комисијата придонесува за подигање на свеста за значењето и начинот на остварување на правото на слободниот пристап до информации и поефикасна имплементација на овој Закон.

Факт е дека голем број граѓани се уште не се запознаени со правото и можноста да бараат и да добиваат информации кои им се потребни, согласно овој Закон. Но сепак, бројот на граѓани кои поднеле барање за пристап до информации од јавен карактер постојано се зголемува. Граѓаните постепено го осознаваат ова нивно ново право и истото го користат.

И покрај тоа што во примената на одредбите на Законот има напредок и кај имателите на информации, сепак, загрижува фактот што и во 2008 година, најголем број од поднесените жалби е поради “молчење на администрацијата”. Имателите на информации не одговараат на барањата во роковите и формата предвидени во Законот. Во најголем број случаи овозможуваат пристап до бараната информација или го одбиваат пристапот дури по поднесување на жалба.

Исклучоците од слободниот пристап таксативно се наброени во 9 точки (член 6 од Законот) и само врз основа на овие исклучоци може да се одбие пристапот.

Во Законот нема апсолутен исклучок од слободниот пристап до информации. Секогаш кога бараната информација претставува исклучок од слободниот пристап регулиран со Законот, имателот на информацијата е должен да процени дали интересот кој се заштитува со необјавувањето на информацијата е поголем или помал од јавниот интерес кој би се постигнал со објавувањето на информацијата. Доколку интересот кој се заштитува со необјавувањето на информацијата е помал од јавниот интерес, тогаш имателот на информацијата е должен да овозможи пристап. Во вакви случаи имателот на информации е должен да направи тест на штета. Доколку штетата која би настанала со објавување на информацијата е помала од јавниот интерес, имателот е должен да ја даде бараната информација.

Заради успешно спроведување на Законот, предвидени се прекршочни одредби за имателите на информации кои нема да ги исполнат обврските кои произлегуваат од истиот или погрешно ќе ги применат неговите одредби.

Сепак, за ефикасно спроведување на одредбите на Законот, неопходна е негова измена, согласно Законот за прекршоци. Со овие измени ќе се зајакнат надлежностите на Комисијата и таа ќе има овластување да може непосредно да ги изрекува прекршочните санкции предвидени во Законот.

Законот во Република Македонија се применува од 1 септември 2006 година, и претставува важен чекор напред кон натамошна демократизација на општеството, особено поради неговиот антикоруптивен карактер.

Комисијата при постапувањето за остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер како едно од основните човекови права го применува Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како **lex specialis.**

За прашања кои не се уредени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Комисијата е упатена да го применува Законот за општата управна постапка, со што постапувањето го прави бавно, често неефикасно и ги обесхрабрува граѓаните да го користат своето ново право за пристап до информации од јавен карактер. Ова особено е изразено кога жалбата е поднесена поради "молчење на администрација" и жалбената постапка се провлекува и до 60 дена, а целата управна постапка по барањето и до 90 дена.

Проблем во работата на Комисијата претставува недоволно прецизно утврдената дефиниција на јавниот интерес кој по препорака на експертите од оваа област, треба да се утврди само со закон. Во недостаток на законска регулатива имателот на информацијата има дискреционо право да утврди што е јавен интерес и дали тој е поголем или помал од штетата што би настанала со објавувањето на бараната информација. Досегашната практиката на Комисијата укажува дека ова право често се злоупотребува од имателите на информации на штета на барателите на информации

Од почетокот на примената на Законот до крајот на 2008 година, одредени решенија на Законот беа предмет на критика на повеќе експерти, домашни и меѓународни невладини организации, од што произлезе и иницијатива од невладиниот сектор за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

За таа цел, во септември 2008 година на иницијатива на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Фондацијата Институт отворено општество Македонија, беше формирана работна група за измени и дополнување на Законот, во која покрај иницијаторите учествуваа и претставници на Министерството за правда, експерти од Правниот факултет, членови на Комисијата и претставници од Стручната служба на Комисијата. Изготвениот работен текст за измени и дополнувањана Законот, беше доставен до Министерството за правда на натамошна постапка.

Во однос на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и другите закони во Република Македонија се забележуваат одредени неусогласености на одредбите на Законот со други закони како на пример Законот за кривична постапка, Законот за парнична постапка и Зконот за општата управна постапка. Во наведените закони се применуваат одредби со кои пристап до одредени информации им се дозволува само на одредени лица(на пример странки во постапката) или давањето на информацијата се условува со докажување на "оправдан" или "основан" интерес за пристап до информациите што е спротивно на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и меѓународните договори чиј потписник е и Република Македонија. Токму поради овие причини во овој извештаен период судовите(судската власт), одбиваше да ги даде пресудите повикувајќи се само на наведените процесни закони и

оневозможувајќи и увид дури и на Комисијата иако членовите на Комисијата поседуваат безбедносен сертификат.

Република Македонија како држава потписник на меѓународни договори што се ратификувани согласно член 118 од Уставот и станале составен дел од внатрешниот правен поредок и не може да се менуваат со закон, мора да води грижа за горе спомнатаите договори и истите да ги вгради во позитивно законодавство и тие да бидат усогласени со Законот за слободен пристап како **lex specialis** за слободниот пристап.

Декларацијата за достапност на информациите, која во декември 2004 година, заеднички ја усвоија специјалниот известител на Обединетите нации за слободата на мислењето и изразувањето, претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите и специјалниот известител на Организацијата на американските држави за слободата на изразување е императив во поглед на тоа дека во случај на спротивставености, Законот за слободен пристап до информации **има приоритет** во однос на сите останати закони.

## 4. Листа на иматели на информации

Со цел на физичките и на правните лица да им овозможи пристап до што поголем број иматели на информации од јавен карактер, Стручната служба на Комисијата и во 2008 година постојано ги регистрираше настанатите промени кај имателите на информации и дополнување на Листата на иматели со нови државни институции, јавни установи и служби, јавни претпријатија и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес. Со ваквиот пристап Листата на иматели на информации од јавен карактер се прошири и нивниот број на крајот од 2008-та достигна **1460.**

Заложбата за што поголем број иматели, Комисијата успеа да ја оствари со постојани лични и телефонски контакти со оние иматели на информации од јавен карактер кои самите не се пријавија во Комисијата, како и со дистрибуција на **14** ургенции, известувања и апели, испратени по пошта, објавени во дневните весници или презентирани на веб страницата, со кои се инсистираше имателите доследно да ги применуваат обврските што произлегуваат од Законот (чл. 8 и 9).

Најголем пораст на ново евидентирани иматели е забележан кај државните институции со нови 28 субјекти со што нивниот вкупен број достигна **214**. Во овој извештаен период трендот на формирање нови институции во сите степени на образование во Република Македонија резултираше со евиденција на нови 26 иматели, со што бројот на Листата на имателите на информации од сферата на образованието изнесува **511**.

Пораст на бројот на иматели на информации од јавен карактер е забележан и евидентиран и кај јавните претпријатија, чиј број изнесува **333**. Во текот на минатата година кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања, кај акционерските друштва и коморите евидентираниот број, со дополнувањата изнесува **116**. Во останатите групи на имателите на информации од јавен карактер поделени по дејности бројот во споредба со 2007 година е идентичен или незначително променет.

До крајот на 2008 година на официјалната Листа на иматели на информации со која располага Комисијата евидентирани се вкупно **91** имател на информации од судската власт, **86** општини, во кои спаѓаат и Градот

Скопје и Заедницата на единиците на локалната самоуправа, **19** политички партии, **90** здравствени установи и организации, ( минатата година 93). Ваквиот надолен тренд се должи на окрупнувањето и згаснувањето на одредени здравствени институции, или пак на настанатите промени во нивната сопственичка структура.




**Графикон 4 Листа на иматели на информации**

Со посебни циркуларни писма континуирано од **298-те** институции кои во минатата година се уште немаа назначено службено лице, како и од 67-те ново регистрирани иматели во извештајната 2008 година, беше побарано да ја исполнат оваа законска обврска, со што Листата на иматели се зголеми за **100** ново назначени службени лица за посредување со информациите од јавен карактер.

На тој начин вкупниот број на институции кои имаат назначени службени лица се искачи на **1195** додека **265** официјално евидентирани иматели на информации не ги извршија обврските што произлегуваат од Законот.

## 4.1 Содржина на годишните извештаи

И во третата календарска година од примената на Законот, во најголемиот број доставени годишни извештаи до Комисијата, службените лица немаат евидентирано барања за слободен пристап. Во извештаите на овие институции се пријавени само настанатите промени кај службените лица, или на другите генералии за институцијата, кои за граѓаните - барателите значат полесно, побрзо и точно лоцирање на имателот на потребната информација.

Ваквите годишни извештаи во кои стои дека институциите не примиле ниту едно барање за пристап до информации од јавен карактер во календарската 2008 година, се карактеристични главно за детските градинки, основните и средните училишта, добар дел од институциите од судската власт, здравствените организации, правните и физички лица кои вршат јавни овластувања, но и кај одделни единици на локалната самоуправа.

## 4.2 Годишни извештаи на имателите

Согласно законските обврски, Комисијата подготвува Годишен извештај, во кој, меѓу другото, се опфатени податоци од пристигнатите годишни извештаи доставени од имателите на информации од јавен карактер.

Во рокот пропишан во Законот за доставување на годишни извештаи за календарската 2008 година, до Комисијата од вкупно **1460** иматели на информации од јавен карактер, обврската ја исполнија само **690**.

При обработката на примените податоци содржани во извештаите, Комисијата не можеше да ги земе предвид податоците содржани во **23** примени годишни извештаи и истите беа оценети како нецелосни, непотполни или погрешно пополнети. Имено, службените и одговорните лица кај одредени иматели на информации, очигледно и по три годишна имплементација на Законот погрешно ги толкуваат, применуваат и не ги исполнуваат одредби што произлегуваат од овој закон.

Во извештајната 2008 година до Комисијата пристигнаа **189** извештаи од државни институции, **62** од судската власт, **76** од општините, **45** од здравствените организации, **103** од јавните претпријатија и установи, **186** од образовните институции, **24** од правни и физички лица кои вршат јавни овластувања, како и **5** извештаи поднесени од политички партии.




**Графикон 5 Годишни извештаи на имателите**

Бројките на графиконот покажуваат зголемен број на извештаи доставени од страна на државните институции. Тоа се должи на постојаните контакти и едукцијата на лицата задолжени за посредување со информации од јавен карактер од страна на Комисијата за доследно имплементирање на Законот. Карактеристично за овој извештаен период е тоа што во извештаите на Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за развој и поддршка на земјоделството, министерствата за финансии, за образование и наука и за здравство се презентирани збирни податоци за осумдесетина сектори, одделенија и органи во состав на овие иматели на информации, лоцирани на територијата на Република Македонија.

Од друга страна, карактеристичен е податокот за значително намалениот број на извештаи доставени од основните училишта кои во претходната извештајна година покажаа завидно почитување на одредбите што произлегуваат од Законот. Имено, од четири поголеми градови во Република Македонија во кои е концентриран голем број на основни, средни и високо образовни институции, не доставија ниту еден годишен извештај.

По деталното разгледување и анализирање на пристигнатите годишни извештаи од имателите на информации во Комисијата се дојде до податокот дека во овој извештаен период до имателите биле поднесени вкупно **1876** барања за пристап до информациите од јавен карактер. Од нив позитивно се одговорени **1765** барања, додека пристапот до информациите бил одбиен за **97** барања. Од презентираните годишните извештаи на имателите произлегува дека **14** барања биле примени на крајот на минатата година, а за постапување се префрлени во 2009 година.




**Графикон 6 Вкупно поднесени барања до имателите**

Ако се споредат бројките, со претходната извештајна година, граѓаните во 2008 година поднеле околу 500-тини барања повеќе. Бројот на одбиени барања кој во однос на извештајната 2007 година е значително помал, говори за потранспарентен и посериозен приод кон слободниот пристап до информациите од јавен карактер од страна на институциите во однос на барањата доставени од граѓаните на Република Македонија.

Во фокусот на интересот на граѓаните да се бараат информации од јавен карактер беа извршната, законодавната и судската власт. Од евидентираните **1876** барања во календарската 2008 година, до нив биле поднесени **636** барања.

Карактеристично за овој извештаен период и за одбележување е и нагласениот интерес за пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат високообразовните институции. До нив биле доставени **712** барања, што се идентични, а нивниот број варира од факултет до факултет и се упатени исклучиво на адреса на државните факултети односно до Ректорските управи.

Во текот на 2008 година до локалната самоуправа и Градот Скопје се поднесени **266** барања, до политичките партии **94**, до јавни претпријатија и установи **61**, до здравствени установи **48**, до правни и физички лица кои вршат јавни овластувања **32** и до градинките, основните и средните училишта во Република Македонија поднесени се **27** барања**.**




**Графикон 7 Поднесени бараа до иматели**

Од кусиот опис на барањата кои граѓаните ги доставиле до државните институции, министерствата и Владата, произлегува дека тие се интересирале за најразлични прашања од сферата на денационализацијата, конкретни тендерски постапки, распределба или трошење на буџетски средства, услови за градби и заштита на животна средина, најразлични одлуки за трансформација на претпријатија, одлуки за формирање на координативни тела и комисии, правилници за систематизација на работните места, барања на податоци за бројот на нови вработувања, за проекти финансирани од буџетот на државата, како и информации за висината на средствата за медиумски кампањи нарачани од страна на државните органи и институции.

Барањата доставени до државните факултети се однесуваат на прашања од дејноста на факултетите, наставата, студиските програми, наставниот кадар, разни договори за партиципации и апсолвентски екскурзии, број на отворени односно пополнети работни места, материјално - техничка опременост, и пред се прашања од финансиска природа кои се однесуваат на прибраните средства од издавање под закуп на одделни простории, за висината на надоместоците по разни основи на лицата вклучени во наставниот процес и слично.

## 4.3 Соработка со службени лица кај имателите

Во календарската 2008 година вкупно **265** иматели евидентирани на листата не ја испочитуваа одредбата на членот 8 од Законот кој наложува да определат најмалку едно службено лице за посредување со информации од јавен карактер. Со ваквиот неодговорен однос и покрај бројните предупредувања, ургенции и апели од страна на Комисијата овие иматели на информации им го скратуваат правото на граѓаните да добијат драгоцена помош при поднесувањето на барањата и добивањето на навремени одговори.

Од друга страна праксата говори дека во значителен број на институции, службените лица обврската за имплементација на Законот ја подразбираат како задача од второстепено значење односно како дополнителна обврска која би можела да се сработи дури откако ќе се

реализираат обврските кои за нив произлегуваат согласно правилниците за систематизација.

Одделни службени и одговорни лица, случајно или намерно, забораваат до Комисијата да достават известување за извршени промени во називот на нивната институција, адресата, службеното(ите) лице(а) кое(и) посредуваат со информациите од јавен карактер, телефоните за контакт, e-mail адресите и слично. Не ретки се и примерите кога одговорните лица, едноставно забораваат да ги информираат службените лица дека им е доверена обврската да посредуваат со информациите со јавен карактер, па тие се затечени и зачудени, кога граѓаните или вработените од Стручната служба на Комисијата ќе им се обратат за каква било асистенција во врска со имплементацијата на Законот.

Поради сето ова, Комисијата е ставена во ситуација, не по своја вина, на барателите на информации да им презентира Листа на иматели во која се содржани и одредени неточни податоци и генералии за одделни институции и организации.

Наспроти ваквите, за жал, непријатни примери во извештајниот период, во позитивна насока треба да се потенцира однесувањето на раководните лица на ново формираните институции- Агенција за пошти, Државната комисија за жалби по јавни набавки и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Тие самоиницијативно до Комисијата доставија комплетен список со сите потребни генералии за службеното лице и за листата на информации, како и годишни извештаи. На тој начин споменатите иматели на информации покажаа подготвеност за почитување на уставното и законско загарантираното човеково право за пристап до информации од јавен карактер.

Во 2008 година продолжи праксата на одредени институции како што се министерствата за образование и наука, финансии и за здравство, општината Кисела Вода, Агенцијата за катастар на недвижности, Архивите низ Републиката, во различни сектори или служби да имаат назначено посебни службени лица.

Спротивно на ваквата практика во Агенцијата за развој и поттикнување на земјоделството, ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор, ЈП „Македонски шуми„ и Управата за јавни приходи, овластувањата да посредува со информациите од јавен карактер му се дадени на само едно службено лице.

## 4.4 Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности

Стручната служба на Комисијата поради низа пропусти, неправилности, непрецизности и евидентни непознавања на Законот, не можеше да ги земе предвид бројките и останатите содржани податоци во вкупно **23** примени годишни извештаи. Бројот на нецелосни, односно нерегуларни извештаи е намален за **15** во однос на Годишниот извештај за календарската 2007 година. За жал, тоа не е резултат кој произлегува од стекнато искуство на службените лица, односно од „прецизното читање„ на законските одредби. Потврда за ова се и примерите што ги презентираме во продолжение, а кои најдобро говорат за тоа дека имателите, сосема

идентично како и во извештајната 2007 година не разликуваат што се барања по основ на Законот, а што барања кои произлегуваат од делокругот на работа на институциите.

Споменатата констатација се потврдува низ примерот на извештајот на Високата медицинска школа од Битола која оперира со број од **259** заведени барања, како што стои во кусиот опис, во деловодниците на Службата за студентски прашања како и архивски заведени барања од вработените, но и како што се вели барања од други правни субјекти. Меѓу другите, барањата се однесувале и за доделување на средства на граѓани за лекување во странство, солидарна помош, за печатење на учебници и друго.

Најголем број примени барања во календарската 2008 има Одделението за катастар на недвижности од Ресен со **9011**, наводно, по основ на Законот. Очигледно овде станува збор за недоследно спроведување на Законот, како и некоординираност и неусогласеност, бидејќи Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија во збирен извештај доставен до Комисијата за сите свои одделенија лоцирани во локалната самоуправа низ државата има регистрирани само **91** барање.

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во извештајот прави детален пресек на активностите од својот делокруг, доставувајќи збирна информација од работењето на сите подрачни единици. Според оваа институција, наводни барања по основ на Законот се деветте претставки во надлежност на Фондот доставени до Министерството за труд и социјална политика, како и **281** барање од Основните судови поднесени за пресметки за неплатен придонес од страна на Фондот. Фондот втора година по ред доставува несоодветен годишен извештај за примени, позитивно решени и одбиени барања за информации од јавен карактер.

Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Кавадарци и оваа година достави невалиден извештај, иако максимално педантно и до најмал детаљ во него се опишани неколкуте илјади примени барања кои за жал не се по основ на Законот, туку од сферата на секојдневната кореспонденција и работа на Центарот. Неговите службени лица **684** барања за старателство, за остварување на детски додаток, правото на опрема за новороденче ги водат како примени барања по основ на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Крушево во годишниот извештај прикажува над **1900** барања, иако истите во никој случај не се по основ на Законот, туку произлегуваат од законските обврски по кои постапува оваа институција.

Во нецелосните годишни извештаи Комисијата го вброи и извештајот на Подрачното одделение на Државниот архив од Охрид, во кој се набележани **1328** примени барања, а во посебниот- втор дел од извештајот се евидентирани уште **1520** други барања од странки кои биле дадени за научни цели и информации поврзани за имотно правната сфера.

Елементарно непознавање на проблематиката од сферата на Законот, за жал е присутно и во извештајот што до Комисијата го достави Апелациониот суд од Битола. Имено, службеното лице на оваа судска институција прикажува **77** примени барања, кои како што појаснува, всушност се поплаки и претставки за работата на судот, траењето на постапките и одлуките на судот.

Нецелосен е и извештајот што во законскиот рок го достави Министерството за труд и социјална политика, во кој, за жал, не се совпаѓа бројот на вкупно примените, со бројот на одговорените и одбиените барања.

## 4.5 Самоизземање од законот

Трета година по ред од имплементацијата на Законот во Република Македонија и покрај големиот број доставени апели, ургенции и укажувања, Сојузот на синдикати на Македонија како најмасовна организација на работниците во државата не ги почитува одредбите од Законот.

Повикувајќи се на други законски акти врз кои се темели нивното работење и основна дејност тие сметаат дека за нив не се однесуваат одредбите од овој закон. Во оваа категорија институции, и годинава, како и минатата година, се вбројуваат дел од вкупно евидентираните 19 банки, 12 осигурителни компании, 64 кабелски и интернет провајдери, како и АД Охис - Скопје, односно АД Макпетрол.

Спротивно на гореспоменатите, својата законска обврска за изминатата година ја испочитуваа: Стопанска банка- Битола, ИК банка и Зираат банка, осигурителните компании ИНСИГ Македонија, QBE Македонија, САВА Табак, АД за осигурување Еуролинк, Друштвото за осигурување СИГМА АД Скопје и Националното биро за осигурување. Во групата субјекти што ги спроведуваат одредбите од Законот се вброија и интернет провајдерите СОНЕТ, Ултра нет, Macedonia On-line како и Стопанската комора на Македонија. Овие иматели- не само што имаат назначено службени лица, туку и редовно доставуваат годишни извештаи во законски определениот рок.

Кабелските оператори Телекабел, Кејблтел (кои инаку имаат назначено службено лице), како и интернет провајдерот Он.нет ( нема назначено ниту службено лице) годинава не доставија годишен извештај иако од 2008 година ја проширија својата дејност со уште еден мошне значаен сегмент од општ интерес за сите граѓани станувајќи фиксни телефонски оператори.

# 5. Едукација и обуки

Како една од приоритетните активности на Комисијата во текот на 2008 година беше едукацијата на лицата задолжени за посредување со информации од јавен карактер, од органите на државната администрација–централна власт, локална самоуправа, високообразовни институции, претставници на јавни претпријатија и установи, акционерски друштва и слично.

Со одржаните 33 дводневни обуки од кои 20 во Скопје и 13 во регионални центри во Македонија, Комисијата продолжи со целосна реализација на обврските што и се дадени со Законот, а се однесуваат на можноста за непречен протокот на информациите од јавен карактер во сите сфери на живеење.

Континуирано одржаните 33 обуки, во периодот април - декември 2008 година, по однапред подготвена програма, од страна на Комисијата, ги посетија 480 лица задолжени за посредување со информации од јавен

карактер од извршната, законодавната и судската власт како и од повеќе институции кои вршат дејност од јавен интерес.

На обуките одржани во 13-те регионалните центри: Охрид, Струга, Кичево, Битола, Прилеп, Велес, Штип, Кочани, Струмица Гевгелија, Куманово, Тетово и Кавадарци присуствуваа и службени лица од други општини кои гравитираат кон овие центри.

На обуките при промоцијата на слободниот пристап, посебен акцент беше ставен на начините за постапувања по барањата како и за комуникацијата меѓу барателите и имателите на информации од јавен карактер.

Реализираните обуки во 2008 година се дел од вкупно 50-те, планирани во рамките на активностите за реализација на Проектот „Техничка помош и подигање на свеста за поддршка на примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“ што го спроведува Комисијата во соработка со Македонскиот институт за медиуми, а со финансиска поддршка на Амбасадата на Велика Британија во Република Македонија.

Со слична динамика обуките на локално ниво - во останати регионални центри ќе продолжат и во 2009 година. Со завршувањето на Проектот, бројот на лицата задолжени за посредување со информации од јавен карактер кои присуствувале на едукативните средби би изнесувал околу 800, од 1195 вкупно регистрираните на листата на Комисијата. Разликата меѓу двата броја се должи на неоправданото отсуство од обуките на некои службени лица, кои од страна на Комисијата беа навремено и уредно поканети.

## 5.1 Јавност во работата на Комисијата

Во 2008 година Комисијата покажа подготвеност за соработка со институциите кои вршат јавни овластувања. Во тој контекст преку разни видови на активности и кампањи, како и со соработка со имателите и барателите на информации постојано го афирмираше правото на пристап до информации од јавен карактер.

Во извештајниот период Комисијата се јави како организатор или како соорганизатор и активен учесник на поголем број работилници, тркалезни маси, конференции и панел дискусии на кои зеде проактивно учество, особено од аспект на проблематиката која се однесува на сферата на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

- Учество на Комисијата на Тркалезната маса на тема: „Слободен пристап до судски одлуки“ (во Штип и Скопје). На Тркалезната маса учествуваа и претставници од Набљудувачката мисија на ОБСЕ со седиште во Скопје и претседателот на Административниот апелационен суд во Стокхолм, Шведска.
- Активно учество во работилницата организирана од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на тема: „Пристап до информации и примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за заштита на лични податоци“.
- Учество и расправа по проектот на Транспарентност – Нулта корупција под наслов: „Перманентен антикорупциски мониторинг на

клучните приоритети на ЕУ пристапниот процес„ (финансиран од Владата на Кралството Норвешка).

Комисијата, во соработка со МИМ, во текот на 2008 година организираше повеќе настани од кои би ги издвоиле позначајните:

- Во јули 2008 година се одржа еднодневна Работилница за искуствата од дотогашната примена на Законот, на која присуствува службени лица од различни институции од Република Македонија, Министерот за правда, како и амбасадорот на Велика Британија во Република Македонија. Пред присутните беше промовирана и новата веб страница на Комисијата (www.komspi.мк)
- По повод двегодишнината од примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на 1 септември 2008 година во дневниот весник “Дневник“ како посебен прилог на 44 страници во тираж од над 30.000 примероци беше објавена Листата на иматели на информации од јавен карактер со сите потребни податоци. На овој начин Комисијата ја исполни законската обврска (согласно член 5) еднаш годишно да ја објави Листата во средствата за јавно информирање
- Комисијата во соработка со Македонски институт за медиуми, на пригоден начин ја одбележа двегодишнината од примената на Законот. На овој чин присуствуваа претставници од Владата, од министерствата, пратеници во Собранието на Република Македонија, амбасадорот на Велика Британија во Република Македонија, претставници на невладиниот сектор, како и службени лица кај имателите на информации од јавен карактер
- На 28 септември 2008 година по трет пат од своето формирање, Комисијата го одбележа Меѓународниот ден за слободен пристап до информации „Имам право да знам“. Во оваа пригода пред голем број претставници на невладини и меѓународни организации и службени лица задолжени за посредување со информациите од јавен карактер, беа промовирани публикацијата „Информациите од јавен карактер се за давање, а не за чување“ и плакат – постер на кој е претставена комплетната постапка од моментот на поднесување на барањето, па до добивањето на информацијата. Пред присутните промотивно беше прикажан и краток анимиран филм, со што Комисијата ја започна медиумската кампања за запознавање на граѓаните со нивното ново законско право. Кампањата се одвиваше во текот на месец октомври, при што беа емитувани вкупно 14 проекции на филмот во четири различни ударни термини на национала телевизија

Сите овие активности беа реализиран со финансиска поддршка на Амбасадата на Велика Британија, како дел од проектот „Техничка помош и подигнување на свеста за поддршка на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Република Македонија“.

## 5.2 Веб страница

Со намера да ја олесни процедурата за добивање информации од јавен карактер, а воедно да воспостави поблиска комуникација со имателите од јавен интерес, но и со граѓаните како баратели на истите, Комисијата во јули 2008 година промовираше нова веб страница www.komspi.mk.

Основната интенција на Комисијата е со помош на содржински и визуелно редизајнираниот веб портал да обезбеди поголема афирмација на Законот и на правото на пристап до информациите од јавен карактер како демократска придобивка, но воедно и да придонесе за поголема транспарентност на институциите кои ги поседуваат ваквите информации. За таа цел, делот од новата интернет страница на Комисијата резервиран за вестите е проширен, со што се овозможува пласирање на поголем број информации поместени на насловната страна. Вестите и информациите сега се целосно архивирани, со што на посетителите им е овозможен едноставен начин на прелистување и препрочитување на содржините врзани за активностите на Комисијата, и имплементацијата на Законот.

Квалитативна новина што произлегува од работата на Комисијата е поставувањето на веб страната на решенијата, заклучоците, одговорите на тужбите донесени на седниците на Комисијата.

Во функција на поедноставно листање на содржините, но пред се за пребарување на Листата со досега евидентираните иматели на информации од јавен интерес, е вграден и посебен пребарувач.

На веб страната во посебен банер е поставен краткиот анимиран филм, со кој започна медиумска кампања за издигнување на свеста, поконкретно запознавање и едукација на граѓаните за нивното уставно загарантираното право на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Значајна новина на порталот на Комисијата е и делот предвиден за анкетно прашање со кое еднаш месечно се сондираат мислењата од барателите и имателите на информации, со што се добиваат драгоцени податоци за лошите и добрите практики од примената на Законот, како и за ефикасноста во работењето на Комисијата.

Посебно практичен за граѓаните е и банерот во кој на едно место во електронска форма се поместени образец за барање за пристап до информации од јавен карактер и образец за жалба.

Веб порталот на Комисијата во текот на еден ден бележи од 120 до 200 посети. Вкупниот број на посетители од формирањето на Комисијата до 31 декември 2008 година изнесува **94.000.**

## 5.3 Меѓународна соработка

Во рамки на активностите на Комисијата на планот на соработката со слични комисии во регионот и пошироко ги истакнуваме следните активности:

- Учество на Третата европска конференција на информативните комесари (комесари и претседатели на комисии за слободен пристап до информации од јавен карактер) во Словенија а во организација на словенечкиот комесар. На оваа Конференција беше усвоена Декларација на Третата европска конференција за унапредување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Претседателот на Комисијата имаше своја презентација на претставувањето на Законот и работата на Комисијата и македонските искуства во примената на Законот.
- Редовната соработка и контакти со Министерството за култура на Република Црна Гора (надлежно за прашањата на слободниот пристап до информации од јавен карактер). Претседателот на

Комисијата учествуваше на Регионалната конференција на земјите од Западен Балкан на тема: „Комерцијалните медиуми и јавниот интерес“ одржана во Мојковац (Црна Гора). Претседателот учествуваше со излагање на тема: „Слободниот пристап до информациите од јавен карактер како важен елемент во креирањето објективно истражувачко новинарство“. На Регионална конференција на тема: „Слободен пристап до информациите – човекови права и слободи“ одржана во Котор, Црна Гора, со учество на претставници од Македонија, Србија и Црна Гора, Претседателот на Комисијата имаше презентација за искуствата и работата на Комисијата во Македонија.

- Во рамките на надлежностите на Комисијата Претседателот учествуваше во подобрувањето на текстот на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјалните документи. Притоа беше презентирано дека македонскиот закон има поширок опфат на иматели од Конвенцијата. Слични укажувања упатија и комесарите или омбудсманите од десетина други европски земји. Ваквите укажувања беа земени во предвид при натамошното разгледување на решенијата во оваа Конвенција.
- Учество во студиска посета на Република Австрија на претставниците на Комисијата во состав на Македонската делегација со цел натамошно стручно усовршување на државните функционери во врска со проблематиката поврзана со Е-Влада.

## 6. Буџет

Комисијата, согласно член 30, став 2 од Законот, до Министерството за финансии достави предлог за изготвување на Буџетот за 2008 година. Заради претходно утврдениот Акциски план на Владата на Република Македонија, на Комисијата не и беа одобрени бараните дополнителни средства за извршување на основните функции, па мораше да се вклопи во рамките на претходно планираните износи.

Со одобрениот Буџет за 2008 година Комисијата во целост не можеше да ги реализира законските надлежности за афирмирање на слободниот пристап до информации од јавен карактер: едукација на лицата задолжени за посредување со информации, медиумска презентација на Законот, објавување на листата на иматели во медиумите и издавање на публикации, билтени или брошури.

За да се реализираат зацртаните активности, Комисијата во соработка со Македонски институт за медиуми, во текот на 2008 година продолжи со имплементација на Проектот „Техничка помош и подигање на свеста за поддршка на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Република Македонија“, финансиски поддржен од Амбасадата на Велика Британија.

| О П И С | | Буџет 2007 | Буџет 2008 | Буџет 2009 |
|---|---|---|---|---|
| **РАСХОДИ** | | | | |
| 401 | Основни плати и надоместоци | 6.838.000 ден. | 7.978.000 ден. | 7.991.000 ден. |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување на работниците | 2.141.000 ден. | 2.497.000 ден. | 2.977.000 ден. |
| 403 | Основни придонеси од плати | 21.000 ден. | 25.000 ден. | 25.000 ден. |
| 420 | Патни и дневни расходи | 386.000 ден. | 370.000 ден. | 370.000 ден. |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.310.000 ден. | 1.254.000 ден. | 1.534.000 ден. |
| 423 | Ситен инвентар, алат и др. материјали за поправка | 123.000 ден. | 118.000 ден. | 192.000 ден. |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 260.000 ден. | 189.000 ден. | 115.000 ден. |
| 425 | Договорни услуги | 1.833.000 ден. | 1.755.000 ден. | 1.755.000 ден. |
| 426 | Други тековни расходи | 1.310.000 ден. | 1.254.000 ден. | 1.254.000 ден. |
| 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 0 ден. | 60.000 ден. | 160.000 ден. |
| | | | | |
| | **Вкупно:** | 14.222.000 ден. | 15.500.000 ден. | 16.373.000 ден. |

**Табела 1 Буџет на Комисијата**

Од табеларниот преглед може да се види дека одделни ставки во Буџетот, освен кај платите, веќе три години по ред, се намалени, односно непроменети. Комисијата заради ограничениот Буџет, со крајно рационално користење на добиените средства, со пренамена од ставка во ставка во 2008 година успеа да се доопреми со информатичка и друга опрема што и беше неопходна за нормално вршење на основната дејност.